## Стандард на квалификација

| | |
|---|---|
| 1. **Назив на квалификацијата** | Графички дизајнер |
| 2. **Код на квалификацијата** | 00003 |
| 3. **Тип на квалификацијата** | Квалификација на ниво на образование |
| 4. **Ниво на квалификацијата** | V-Б (Петто Б) |
| 5. **Сектор на квалификацијата**[1] | 03 Графичарство<br><br>05 Електротехника |
| 6. **Стандард(и) на занимање на кои се базира квалификацијата** [2] | Графички дизајнер |
| 7. **Опис на квалификацијата со образложение** | Квалификацијата содржи основни и специјалистички единици кои што ги покриваат аспектите на знаење, вештини и компетенции потребни за извршување на работните задачи Графички дизајнер.<br><br>Лицето со оваа квалификација е оспособено самостојно да ги подготвува условите за работа, соодветната работна опрема и потребните материјали за изработка на идејни графички решенија. Владее со основите на цртањето и сликањето. Поседува чувство за естетика и ги познава естетските принципи. Изработува скици и нацрти за развој на одредени идеи, користејќи критичко и креативно размислување, логика и анализа. Користи најнови компјутерски софтвери за графички дизајн. Изработува графички решенија, прави адаптации и корекции на дизајн како и подготвува фајлови за печатење и за веб-употреба. Поседува креативност и уметнички сензибилитет при целокупниот процес на работа користејќи техники за креативно размислување и покажувајќи иницијатива и ентузијазам за работата. Подготвува и реализира одредени понуди. Применува мерки за лична заштита, заштита на работното место и заштита на околината. Ги познава и почитува прописите за авторско право.<br>Комуницира со соработниците и со клиентите. |

[1] За високообразовните квалификации се наведува научното поле согласно Frascati класификацијата

[2] Доколку станува збор за образовна квалификација стекната во стручното образование и за стручна квалификација

| | |
|---|---|
| 8. **Клучни компетенции** | • **Комуникација на мајчин јазик**: Способен е да споделува и протолкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови во усна и во писмена форма, и да остварува јазична интеракција со клиентите и колегите на соодветен и креативен начин во различни општествени и културолошки контексти.<br><br>• **Комуникација на странски јазици**. Кога постои потреба од користење на странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбере, искажува, толкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови и во усна и во писмена форма.<br><br>• **Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата.** Применува нумеричко размислување и знаење во објаснување и решавање на низа задачи за време на секојдневната работа со опремата и администрацијата. Користи и работи со техничко - технолошки алатки и податоци за извршување на задачите. Врши собирање на податоци потребни за самоунапредување во полето на графички дизајн.<br><br>• **Социјални/Општествени и граѓански компетенции.** Во секојдневното опкружување, способен е да манифестира лични, интерперсонални и интеркултурни компетенции за конструктивна комуникација со луѓе од различни профили, да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта, и да создава доверба.<br><br>• **Дигитални компетенции.** користи основна ИК технологија со цел да ја обезбеди најдобрата можна заштита. Пребарува, собира и обработува дигитални информации и ги користи на критички и систематски начин. Користи алатки за подготовка, презентирање и разбирање на комплексни информации во изведувањето на дејноста.<br><br>• **Чувство за иницијатива и претприемништво.** Покажува иницијатива за реализирање на важните идеи и нивно спроведување во дела со цел да се подобрат состојбите. Способен е да ги препознае можностите и да иницира подобрување на состојбите во различни ситуации. Придонесува кон развојот на култура која ги поддржува иницијативите и иновациите и ги препознава различните вештини на сите во рамките на службата.<br><br>• **Учење како се учи.** способен е да пристапи, стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини за цели на личен напредок, како и да ги примени истите за унапредување на дејноста. Способен е да управува со сопственото учење, кариера и работни рутини. Истраен е во автономното учење но и во учењето за време на работата со соработниците. |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Национален одбор за Македонска рамка на квалификации * СКОПЈЕ *

| | |
|---|---|
| | • **Културолошка свест и културно изразување.** Го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува со самоподобрувањето на членовите во тимот. Ги приближува сопствените креативни и експресивни ставови со размислувањата на другите членови во тимот и ги изразува на соодветен начин со што всушност би се подобрила ефикасноста во нивното работење. |
| **9. Обем (вкупно кредити и времетраење)** | Вкупно кредити: 60 кредити<br>Времетраење: 1 (една) година |
| **10. Критериуми за влез или упис** | Се запишуваат:<br>- кандидати со завршено IV ниво од Националната рамка на квалификации;<br>- кандидати со завршено VI и VII ниво од Националната рамка на квалификации за стекнување стручна квалификација (преквалификација или доквалификација)<br><br>Специфичните категории на кандидати кои припаѓаат на наведените групи се одредуваат согласно Концепцијата за постсредно образование и програмите за учење/обука. |

**11. Листа на задолжителни модули за квалификации или предмети**

| Код | Назив | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| | **I. Општо образовно подрачје (10-15)%** | | **6-9** |
| | Основи на информатичка технологија | 16 | 2 |
| | Комуникација со клиент | 16 | 2 |
| | Кариера и претприемништво | 16 | 2 |
| | Основи на маркетинг | 26 | 3 |
| | **II. Стручно-теоретско подрачје (20-25)%** | | **9-12** |
| | Растерска графика (Photoshop) | 30 | 3 |
| | Векторска графика (Illustrator) | 30 | 3 |
| | Десктоп издаваштво (InDesign) | 30 | 3 |
| | Основи на цртање | 26 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **III. Посебно-стручно подрачје (III-А+ III-Б) (30-40)%** | | **18-21** |
| | | **III-А. Задолжително посебно-стручно подрачје** | | |
| | | Ликовни естетски принципи | 30 | 3 |
| | | Дизајн процес | 30 | 3 |
| | | Типографија | 50 | 6 |
| | | Подготовка за печатење | 20 | 3 |
| | | **IV. Специјалистичка практика (30-40)%** | | **15-18** |
| | | Форми на графички дизајн | 30 | 3 |
| | | Манипулација на фотографија | 30 | 3 |
| | | Дигитална илустрација | 30 | 3 |
| | | Коорпоративен идентитет | 30 | 3 |
| | | Дизајн на публикации | 30 | 3 |
| | | Портфолио на графички дизајнер | 20 | 3 |
| **12. Вкупен број на часови и кредити (11)** | 490 часа<br>54 кредити | | | |
| **13. Листа на изборни модули за квалификации или предмети** | **Код** | **Назив** | **Часови** | **Кредити** |
| | | **III-Б. Изборно посебно-стручно подрачје** | | **6** |
| | | Основи на фотографија | 30 | 3 |
| | | Движечка графика (After Effects) | 30 | 3 |
| | | Дизајн на веб страна без програмирање | 30 | 3 |
| **14. Вкупен број на часови и кредити (13)** | 60 часа<br>6 кредити<br>Од листата на изборното посебно-стручно подрачје се избираат 2 (два) модули или предмети | | | |
| **15. Резултати од учење** | **Учесникот е способен да:**<br>1. Одржува оперативен систем за потребите на работното место<br>2. Менаџира потреби на клиенти во процесот на изработка на графички решенија | | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * Национален одбор за Македонска рамка на квалификации * СКОПЈЕ *

| | |
|---|---|
| | 3. Изработува документи за себе-промоција обезбедувајќи конкурентска предност на пазарот на труд<br>4. Креира маркетинг стратегија за производ или услуга<br>5. Подготвува растерска графика за веб, печатење и видео<br>6. Подготвува векторска графика за веб, печатење и видео<br>7. Подготвува дизајн на страни за веб, печатење и видео<br>8. Применува мануелно цртање<br>9. Обликува и координира ликовни елементи во композиција<br>10. Креира оригинални визуелни решенија<br>11. Визуелно организира и точно поставува типографски елементи во композицијата<br>12. Врши соодветна подготовка за печатење во зависност од видот на процесот (дигитален, офсет, бакро, флексо и сито печат)<br>13. Дизајнира конкретна форма на графички дизајн врз основа на дефиниран бриф од клиент<br>14. Креира дигитална манипулација на фотографија<br>15. Креира дигитална илустрација<br>16. Креира корпоративен идентитет на компанија<br>17. Креира дигитална публикација<br>18. Изработува свое професионално портфолио |
| **16. Начин на проверка и критериуми за проверка на резултатите од учењето** | **Начини на проверка**<br>Проверката на резултатите од учење се врши континуирано, преку следење, усно и писмено проверување на знаењата, како и реализација на практични задачи за вреднување на вештините и ставовите стекнати во специјалистичката практика.<br><br>По успешна реализација на наставата, кандидатите полагаат завршен/ специјалистички испит.<br>Завршниот/специјалистичкиот испитот опфаќа:<br>- теоретски дел со тест (писмена проверка на знаењата)<br>- практичен дел преку изработка на проектна задача (проверка на стекнатите компетенции)<br>Испитот се изведува пред испитна комисија во согласност со испитната програма.<br><br>**Критериуми за проверка на резултатите од учењето**<br>1.1. Подесува параметри на оперативен систем за потребите на работното место<br>1.2. Врши инсталирање и управување на надворешни уреди<br>1.3. Инсталира и деинсталира апликации за работа<br>2.1. Поставува протокол за редовна комуникација со клиентот<br>2.2. Подготвува понуди и договор за изработка на графичко решение<br>2.3. Применува правила за избегнување конфликти заради нерегулирани авторски права.<br>3.1. Изработува CV, мотивационо писмо и препорака за работа<br>3.2. Подготвува основна верзија на бизнис план за развој на сопствена бизнис идеја |

| | |
|---|---|
| | 4.1. Изработува маркетинг план за производ или услуга, од идеја за промоција до идеја за реализација на истата<br>4.2. Ја разбира целта и етичноста на BTL-промоциите<br>5.1. Архивира, експортира и публикува фајлови користејќи софтвер за растерска графика<br>5.2. Разменува слики со останати софтвери за дизајнирање<br>5.3. Обработува, ретушира и реставрира фотографии<br>6.1. Архивира, експортира и објавува фајлови користејќи софтвер за векторска графика<br>6.2. Претвора фотографии во векторски цртеж<br>6.3. Изработува илустрации во векторска графика<br>7.1. Користи софтвер за дизајн на страни<br>7.2. Врши визуелно организирање на информации во композиција и импортирање на фајлови од други апликации и модифицирање на графика<br>7.3.Користи типографија и креира табели при дизајнирање на страни<br>8.1. Изработува кроки цртежи, скици и студии на цртеж (sketch book)<br>8.2. Креативно се изразува во деталниот преден план и позадина на авторски цртеж<br>9.1 Распознава и применува стилски правци во уметноста<br>9.2. Применува принципи на естетиката во авторско дело<br>10.1. Применува принципи на дизајнирање<br>10.2.Користи алатки за развој на визуелни решенија<br>10.3.Визуелно организира информации и развива идеја<br>11.1.Креира информативен текст (преку избор и организација на текстуални информации на визуелен начин)<br>11.2. Развива типографско - креативна идеја, самостојно или во склоп со графичкиот дизајн<br>11.3. Креира оргинални типографски визуелни решенија (визуелен идентитет - монограм, логотип)<br>12.1. Избира соодветна хартија за печатење<br>12.2. Подготвува документ за дигитално печатење и/или за основните техники на печатење (офсет, бакро, флексо, сито, тампон печат)<br>12.3. Адаптира постоечки документ за дигитално и основните техники на печатење (офсет, бакро, флексо, сито, тампон печат)<br>13.1. Визуелно организира информации за конкретна форма на графички дизајн со слика, текст и илустрација<br>14.1. Врши обработка и манипулација на фотографија<br>15.1. Креира оригинална векторска илустрација<br>16.1. Развива визуелно решение на нов бренд за компанија<br>16.2. Адаптира постоечко лого градејќи бренд на компанија<br>17.1. Дизајнира кратки и долги документи<br>17.2. Архивира, експортира и публикува фајлови<br>17.3. Подготвува публикација за веб, офсетно печатење, сито печатење и видео<br>18.1. Разликува типови портфолија за Графички дизајнери<br>18.2. Опишува содржина и структура на портфолио<br>18.2. Креира и воспоставува портфолио |

| | |
|---|---|
| **17. Вид на завршна јавна исправа** | Диплома (за успешно завршена целосна квалификација)<br>Сертификат (за успешно завршен дел од квалификацијата) |
| **18. Институција која ја издава јавната исправа** | Прва инситуција која ја издава квалификацијата Графички дизајнер е **СЕМОС ЕДУКАЦИЈА - Центар за компјутерска обука – Скопје.**<br><br>Квалификацијата Графички дизајнер може да се стекн и во јавни и приватни установи, акредитирани од Министерството за образование и наука, како:<br>• средни стручни училишта;<br>• високи стручни школи;<br>• специјализирани установи за постсредно образование<br>• компјутерски образовни установи и центри и<br>установи за постсредно образование како дел од коморите, организации на вработувачи и работни здруженија и компании. |
| **19. Проодност** | Со завршување на квалификацијата, постои:<br>- хоризонтална проодност за доквалификација или преквалификација;<br>- вертикална проодност;<br>- вработување на пазар на труд. |
| **20. Датум на донесување на стандардот на квалификација** | |
| **21. Датум на последна ревизија** | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * Национален одбор за Македонска рамка на квалификации * СКОПЈЕ